**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

УПП Бр. 03-20

Скопје 14.12.2021 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

До:

Предмет: Одговор на претставка

Почитуван,

Преку електронска пошта испративте претставка насловена како „Реакција!" (наш УПП бр.03-20 од 26.11.2021 година) со која барате Агенцијата да им наложи на националните телевизии да престанат секоја информација за вакцинацијата против Ковид - 19 да ја илустрираат со навлегување на игла во нечие рамо и се прашувате како е возможно до сега да не реагирал никој за овие снимки со кои секојдневно се преплавени нашите медиуми.

Ве известуваме дека радиодифузерите се самостојни и независни при креирањето на своите содржини, а почитувањето на професионалните стандарди во известувањето е предмет на саморегулација. За карактеристиките на новинарското известување постапува саморегулаторното тело - Совет за етика во медиумите на Македонија.

Инаку, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, до сега, во прилозите на темата „вакцинација" или во другите прилози поврзани со темата „Ковид - 19" нема утврдено отстапување од професионалните стандарди за новинарско известување, бидејќи снимките што се користат служат како илустрација на темата и тие не се насилни, така што може да се очекува дека значаен дел од јавноста не би можел да ги оцени како вознемирувачки. Претставка со слична реакција примивме во 2019 година, за прилози кои се однесуваа на тогашното вакцинирање против мали сипаници, но и во тој случај не беше утврдено отстапување од професионалните стандарди.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ